ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: д-р Фатмир Бесими, министер за економија и
д-р Методиј Хаџи-Васков, заменик на министерот за економија

ПОВЕРЕНИЦИ: Катерина Костевска, државен секретар во Министерството за економија и
Нериман Целадини, раководител на Сектор во Министерството за економија

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

## за државната помош

Скопје, јули 2010 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.51-4222/1
31.07.2010 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
11 -08- 2010
07 3446/2

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за државната помош, што го утврди на седницата, одржана на 31.07.2010 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за правда и д-р Методиј Хаџи-Васков, заменик на министерот за економија, а за повереници Катерина Костевска државен секретар во Министерството за економија и Нериман Целадини, раководител на Сектор во Министерството за економија.

Овој закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил:Зорица П.Петрова
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски
4

ВОВЕД

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО УРЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВНАТА ПОМОШ

Определбата за гарантирање на слободата на пазарот и претприемништвото и заштитата на еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот како темелни вредности утврдени со Уставот на Република Македонија нужно ја наметна потребата од уредување на овие односи со посебен закон.

Во рамки на самиот процес на пристапување во Европската Унија, секоја држава, вклучувајќи ја и Република Македонија се обврзува да го усогласи законодавството за државна помош со acquis communautaire (правото на ЕУ).

Оттука, областа на државната помош за прв пат се уредува во нашето законодавство со донесување на Законот за државната помош во 2003 година и негова примена од 1 јануари 2004 година. Поради тоа што се работеше за една исклучителна комплексна материја, почетниот период на имплеменатација на овој закон се окарактеризираше со многу нејаснотии во разбирањето на државната помош од страна на давателите на државната помош. Според законот како надлежен орган за контролата и одобрувањето на помошта која ќе се додели во РМ беше Комисијата за државната помош.

Ваквото решение предвидено со Законот за државната помош во 2003 година се покажа како неадекватно поради тоа што државната помош има директно влијание врз нарушувањето на конкуренцијата т.е. прекумерното доделување на државна помош создава фаворизирање на претпријатија кои ја добиваат помошта и нивно ставање во поконкурентна положба на пазарот во однос на тие кои учествуваат во пазарната борба без државни субвенции. Поради сето ова се наметна потребата за измени и дополнувања на Законот за државната помош (мај 2006 година) и како надлежен - национален, самостоен и независен - орган во оценувањето на постоење на државна помош и на нејзината компатибилност со законодавството за државна помош е Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Во 2007 година повторно беа направени измени и дополнувања на Законот за државната помош, како резултат на потребата од усогласувањето на законодавството на државната помош со таа на ЕУ и подетално дефинирање на некои нови видови на државната помош (пр. хоризонталната помош).

Со оглед на големиот обем на измени и дополнувања на Законот за државната помош, потребата од подетално уредување на областа на државната помош во склад со новите европски решенија на оваа поле, оценката и надзорот на државната помош и постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, доведоа до нужноста да се пристапи кон изготвување на нов предлог Закон за државната помош.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ЗАКОНОТ

Основна цел на Предлог-Законот е понатамошно хармонизирање на законодавството за државна помош во Република Македонија со соодветното законодавство на ЕУ, како и подобрување на ефикасноста на постапката и отстранување на детектираните недостатоци и слабости во досегашното постапување на Комисијата за заштита на конкуренцијата при спроведувањето

на досегашното законодавство за државна помош во Република Македонија, со цел поттикнување на економската ефикасност и благосостојбата на потрошувачите. Притоа, со Предлог-Законот се врши усогласување на нашето законодавство за заштита на конкуренцијата со членовите 107 и 108 од Договорот за функционирање на Европската Унија (Службен весник на ЕУ бр. Ц 115/49 од 09.05.2008), како и со Регулативата бр. 659/1999 (Службен весник на ЕУ бр. Л 83/1 од 27.03.1999).

Предлог Законот има за цел да обезбеди слобода на пазарот и претприемништвото (како темелна вредност на Уставот на РМ), законитост и ефикасност во постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и ефикасен надзор над функционирањето на пазарите со цел спречување на нарушување на конкуренцијата и создавање услови за непречено функционирање на ефективна пазарна конкуренција.

Предлог-Законот предвидува понатамошно хармонизирање на македонското законодавство во оваа област со законодавството на ЕУ, како и унапредување на законитоста и ефикасноста во постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата преку усогласување на одредбите од Предлог-Законот со Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр. 38/05 и 110/08) и со Законот за заштита на конкуренцијата. Тоа ќе овозможи поедноставна управна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата во предметите кои се однесуваат на државна помош, која постапка истовремено ќе биде појасна и транспарентна за сите заинтересирани страни.

## III. ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Предлог-Законот нема финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и врз други финансиски средства.

Спроведувањето на Законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Законот што се предлага не се потребни дополнителни финансиски средства и истиот нема да повлече материјални обврски за одделни субјекти.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Со Предлог-Законот се врши усогласување на нашето законодавство за заштита на конкуренцијата со членовите 107 и 108 од Договорот за функционирање на Европската Унија (Службен весник на ЕУ бр. Ц 115/49 од 09.05.2008), како и со Регулативата бр. 659/1999 (Службен весник на ЕУ бр. Л 83/1 од 27.03.1999).

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДРЖАВНАТА ПОМОШ

## ДЕЛ ПРВИ

## Општи одредби

### Предмет на законот
### Член 1

Со овој закон се уредуваат облиците на државна помош, општите услови и правилата за известувањето за државна помош и оценката и надзорот на државната помош.

### Цел на законот
### Член 2

Цел на овој закон е воспоставување на правна основа и правила за известување, одобрување, доделување и надзор на државната помош, со цел имплементација на принципите на пазарната економија, обезбедување на слободна конкуренција и исполнување на обврските преземени со меѓународни договори ратификувани од Република Македонија кои содржат одредби за државна помош.

### Примена на законот
### Член 3

(1) Овој закон се применува на секој облик на државна помош доделена од давателите на државна помош, независно дали е доделена според шема за помош или како индивидуална помош, која може да влијае врз трговијата во Република Македонија, врз трговијата помеѓу Република Македонија и Европската Унија, како и врз трговијата помеѓу Република Македонија и други земји кои заедно со Република Македонија се договорни страни во меѓународни договори ратификувани од Република Македонија, а кои содржат одредби за државна помош.
(2) Овој закон не се применува на државната помош која се доделува во областа на земјоделството и рибарството.
(3) Во оцена на облиците на државна помош кои можат да имаат влијание на трговијата помеѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно со членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за државна помош во Европската Унија.

Дефиниции
Член 4

Одделните поими употребени во овој закон го имаат следното значење:

1) Шема на помош е секој правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ;

2) Индивидуална помош е државна помош која не е доделена врз основа на шема на помош или државна помош доделена врз основа на шема на помош, а со обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата;

3) Постојна помош е државната помош која исполнува еден од следните услови:

- била доделена пред 01.01.2004 година

-била одобрена од Комисијата за заштита на конкуренцијата пред влегување во сила на овој закон

-било доставено известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата за планирано доделување на државна помош, а Комисијата за заштита на конкуренцијата не донела решение во роковите предвидени со член 16 од овој закон или

-ако истекол рокот на застареност за постапување на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно одредбите од овој закон.

4)Помош од мало значење (de minimis) е помошта која може да биде доделена во сите области, освен во областа на производство на јаглен, доколку износот на доделената помош по корисник не надминува вкупно 200.000 евра за период од 3 години, односно вкупно 100.000 евра во областа на патен сообраќај за период од 3 години.

5) Незаконска помош е секоја државна помош, освен постојната и помошта од мало значење (de minimis), доделена без Комисијата за заштита на конкуренцијата да го дозволи нејзиното доделување согласно член 15 од овој закон, како и помошта доделена по поднесување на известување од член 13 од овој закон, а пред Комисијата за заштита на конкуренцијата да донесе решение од член 15 од овој закон

6) Злоупотребена помош е секоја помош доделена спротивно на решение од член 15 од овој закон со кое се дозволува доделувањето на државна помош

7)Претпријатие е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден, како и секое правно или физичко лице ангажирано во водењето на некоја економска активност, без оглед дали е или не е трговец.

8)Мало претпријатие е претпријатие кое има помалку од 50 вработени и кое има годишен приход кој не надминува 7 милиони евра, или вкупен биланс на состојба кој не надминува 5 милиони евра. Претпријатие кое има помалку од 50 вработени и кое има годишен приход кој не надминува 7 милиони евра или вкупен биланс на состојба кој не надминува 5 милиони евра, а во кое најмалку 25% од капиталот или гласачките права се во сопственост на претпријатие или здружение на претпријатија кои не потпаѓаат под поимот на мало претпријатие, не се смета за мало претпријатие

9) Средно претпријатие е претпријатие кое има помалку од 250 вработени и кое има годишен приход кој не надминува 40 милиони евра, или вкупен биланс на состојба кој не надминува 27 милиони евра. Претпријатие кое има помалку од 250 вработени и кое има годишен приход кој не надминува 40 милиони евра

или вкупен биланс на состојба кој не надминува 27 милиони евра, а во кое најмалку 25% од капиталот или гласачките права се во сопственост на претпријатие или здружение на претпријатија кои не потпаѓаат под поимот на мало или средно претпријатие, не се смета за средно претпријатие.
10) Регионална помош е помош која е во согласност со целите на регионалната политика на Република Македонија и со која се поддржуваат продуктивни почетни инвестиции или отворање на работни места, поврзани со инвестициите.
11) Помош за спас е помош која се доделува привремено со цел да ги спаси претпријатијата кои имаат потешкотии во работењето.
12) Помош за реструктуирање е помош која се доделува за реструктуирање на претпријатија во потешкотии, која е неопходна за реализирање на план за реструктуирање со кој треба да се оспособи претпријатието за работење на долг период.
13) Хоризонтална помош е помош која се доделува за истражување и развој, заштита на животната средина, вработување, обука, услуги од општ економски интерес и активностите на малите и средни претпријатија, доделена во било кој облик, вклучувајќи го и обликот на ризичен капитал, чија цел е решавање на проблемите во сите индустриски гранки, односно региони.
14) Заинтересирани лица се корисниците на помошта и претпријатијата или здруженијата на претпријатија кои се конкуренти на корисниците на помошта, а чиј интерес може да биде засегнат со доделувањето на помошта.
15) Надзор е секоја активност на надгледување и контрола на секоја доделена индивидуална помош и на постојните шеми на помош.

## ДЕЛ ВТОРИ

## ДРЖАВНА ПОМОШ

### Поим на државна помош
### Член 5

(1)Државна помош се сите потенцијални или реализирани расходи или сите потенцијално или реално намалени приходи на државата, доделени од давателите на државната помош кои ја нарушуваат или може да ја нарушат конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги.
(2)Државната помош од став (1) од овој член може да биде доделена во различни облици, а особено преку:
-субвенции;
-отпишување или преземање на долгови;
-иземање, намалување или одлагање на плаќањето на јавните давачки;
-доделување на кредити под поволни услови;
-давање гаранции од давателите на државна помош под поволни услови;
-инвестиции од давателите на државна помош со стапка на поврат пониска од стапката на поврат на инвестиции која може да се очекува при инвестирање под нормални пазарни услови;
-намалување на цените на стоките и/или услугите од страна на давателите на државна помош под пазарните цени, особено во случај на

продажба на акции, згради или земјиште во сопственост на давателите на државна помош.

### Субјекти на државна помош
### Член 6

(1) Давател на државна помош во смисла на овој закон е: Владата на Република Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, како и секој друг орган или правно лице кои доделуваат или планираат да доделат државна помош.
(2) Корисник на државна помош во смисла на овој закон е претпријатие кое учествува во промет на стоки и/или услуги, а користи некој од облиците на државна помош.

### Општа забрана за доделување државна помош
### Член 7

Доделувањето на државна помош е забрането, доколку со овој закон не е определено дека истото е дозволено.

### Исклучоци од општата забрана за доделување на државна помош
### Член 8

(1) Доделувањето на државна помош е секогаш дозволено ако:

а) помошта е од социјален карактер, доделена на индивидуални потрошувачи, доколку при тоа не се прави дискриминација поврзана со потеклото на стоките и/или услугите или
б) со помошта се надоместува штетата предизвикана од природни катастрофи или други исклучителни настани, вклучувајќи ги и воените дејствија.
(2) Доделувањето на државната помош може да се дозволи ако се работи за:

а) регионална помош за унапредување на економскиот развој на подрачја во Република Македонија во кои животниот стандард е исклучително низок или каде што постои голема невработеност;
б) помош наменета за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство или за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија;
в) помош за спас и реструктуирање на претпријатија во потешкотии;
г) помош наменета за унапредување на културата и заштитата на културното наследство, кога таа не влијае значително на трговските услови и конкуренцијата на пазарот;
д) хоризонтална помош и
ѓ) друга државна помош доделена врз основа на актот од став (3) од овој член.
(3) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата ги пропишува условите и постапката за доделување на државната помош од став (2) од овој член.

### Помош од мало значење (de minimis)
### Член 9

(1) Помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.

(2) Помошта од мало значење може да биде доделена само на корисник кој не е во потешкотии. Помошта од мало значење не смее да биде поврзана со извозни активности, да биде условена со фаворизирање на домашните производи наспроти увезените или да се користи за набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надомест.
(3) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата ги пропишува условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) од став (1) од овој член.

## ДЕЛ ТРЕТИ
## Надлежен орган
### Член 10

Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оценка и надзор на секој облик на државна помош.

## ДЕЛ ЧЕТВРТИ
## Постапки за оценка и надзор на државната помош

### Глава Прва
### Општи одредби

### Примена на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за општата управна постапка
### Член 11

(1) Во постапките за оценка и надзор на државната помош соодветно се применуваат одредбите за водење на управната постапка од Законот за заштита на конкуренцијата.
(2) За се што во постапките за оценка и надзор на државната помош не е уредено со овој закон и Законот за заштита на конкуренцијата, се применува Законот за општата управна постапка.

### Странки во постапката
### Член 12

(1) Странки во постапката за оценка и надзор на државната помош во смисла на овој закон се:
- давателот на државната помош и

-заинтересирано лице на кое Комисијата за заштита на конкуренцијата, на негово барање и заради заштита на неговите права и интереси, со заклучок ќе му даде својство на странка во постапката.
(2) Против заклучокот од став (1) од овој член не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување управен спор пред надлежен суд.

## Глава Втора
## Постапка за оценка на државната помош за која е поднесено известување

### Обврска за известување и суспензија
### Член 13

(1) Секој давател на државна помош е должен до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош.
(2) Планираната државна помош од став (1) од овој член не смее да биде доделена на корисник на државна помош пред истата да биде одобрена со решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата, односно пред истекот на рокот во кој Комисијата за заштита на конкуренцијата треба да донесе решение за оценка на помошта.

### Содржина на известувањето
### Член 14

(1) Известувањето од член 13 од овој закон треба да ги содржи сите податоци потребни за оценка на помошта од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, а особено податоци за целта, износот, времетраењето, обликот, правната основа, давателот и корисникот на помошта.
(2) Известувањето од член 13 од овој закон се смета за уредно ако ги содржи сите податоци од став (1) од овој член.
(3) Ако известувањето содржи неточни или нецелосни податоци, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе побара од давателот на државната помош истото да го исправи или дополни во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнување.
(4) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата поблиску ги пропишува начинот и постапката за поднесување на известувањето од став (1) од овој член.

### Испитување на известувањето
### Член 15

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата започнува со испитување на известувањето од член 13 од овој закон од денот на приемот на уредното известување.
(2) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето не претставуваат државна помош во смисла на овој закон, ќе донесе решение за тоа.
(3) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат

државна помош во смисла на овој закон и доделувањето на истата е дозволено, ќе донесе решение за тоа.
(4) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат државна помош во смисла на овој закон, но постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на истата, со заклучок ќе поведе постапка за оценка на дозволеноста на доделувањето на државната помош. Против заклучокот за поведување на постапка не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор.
(5) По завршувањето на постапката за оценка на дозволеноста на доделувањето на државната помош од став (4) од овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијатаќе донесе решение со кое ќе утврди дека мерката содржана во известувањето:
- не претставува државна помош или
-претставува државна помош и безусловно или условно ќе го дозволи доделувањето на државната помош или
- претставува државна помош и нема да го дозволи доделувањето на државната помош.

Рокови за одлучување
Член 16

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата е должна во рок од 60 дена од денот на приемот на уредното известување да донесе решение од член 15 став (2) и (3) од овој закон или со заклучок да поведе постапка согласно со член 15 став (4) од овој закон.
(2) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок поведе постапка во смисла на член 15 став (4) од овој закон, истата треба да биде завршена со решение најдоцна 18 месеци од денот на започнување на постапката.
(3) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата не донесе решение во роковите утврдени во овој член, давателот може да ја додели државната помош, ако за намерата за доделување претходно ја извести Комисијата. Доделената помош е постојна помош.
(4) Во случај на незаконска или злоупотребена државна помош, роковите предвидени во став (1) и (2) од овој член не ја обврзуваат Комисијата.

Поништување на решение
Член 17

Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение може да поништи решение со кое утврдила дека доделувањето на државната помош е дозволено ако истото е донесено врз основа на неточни и/или нецелосни податоци кои имале одлучувачко влијание при донесувањето на решението.

## Глава Трета
## Постапка за оценка на незаконска државна помош

Испитување на постоење на незаконска државна помош
Член 18

(1) Доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани

лица има сознанија за евентуално постоење на незаконска државна помош, ќе ги испита таквите сознанија без одлагање.
(2) При испитувањето на сознанијата од став (1) од овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ја оценува и дозволеноста, односно недозволеноста на доделувањето на помошта, во смисла на член 15 од овој закон.
(3) Во вршењето на дејствијата од став (1) и (2) од овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе побара од давателот и/или корисникот на евентуалната незаконска државна помош, во определен рок да ги достави сите податоци потребни за оценка на помошта од страна на Комисијата.

Привремени мерки
Член 19

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата може во постапката за испитување на дозволеноста односно недозволеноста на доделувањето на помошта од член 18 од овој закон да донесе решение со кое на давателот на државната помош ќе му наложи да го суспендира доделувањето на евентуалната незаконска државна помош до донесувањето на решение во смисла на член 15 од овој Закон.
(2) Комисијата за заштита на конкуренцијата може, во постапката за испитување на дозволеноста односно недозволеноста на доделувањето на помошта од член 18 од овој закон да донесе решение со кое на давателот на државната помош ќе му наложи привремено враќање на доделената државна помош до донесувањето на решение во смисла на член 15 од овој закон ако се исполнети следните кумулативни услови:
- се работи за мерка што претставува државна помош;
- потребно е итно да се делува и
- постои сериозен ризик од предизвикување на значителна и непоправлива штета на определен конкурент.
(3)Во случај на привремено враќање на доделената помош од став (2) од овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата е должна да донесе решение во смисла на член 15 од овој Закон во роковите од член 16 од овој закон.

Дозволеност односно недозволеност на незаконската државна помош
Член 20

Во постапката за испитување на дозволеност, односно недозволеност на доделувањето на помошта од член 18 од овој закон, соодветно ќе се применуваат одредбите од член 15 став (2), (3), (4) и (5) и член 17 од овој закон.

Враќање на незаконска државна помош чие доделување не е дозволено
Член 21

(1) Доколку при испитувањето на дозволеноста, односно недозволеноста на доделувањето на помошта од член 18 од овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијатасо решение не го дозволи доделувањето на незаконската државна помош, во решението ќе му наложи на давателот на државната помош да ги преземе сите неопходни мерки за враќање на веќе доделената државна помош од корисникот на истата.
(2) Износот на незаконската државна помош кој се враќа во согласност со став (1) од овој член го содржи и износот на законската затезна камата, сметано од денот на ставање на располагање на помошта на корисникот до денот на враќање.

Рок на застареност за враќање на незаконската државна помош чие доделување не  е дозволено
Член 22

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијатане може да бара враќање на незаконската државна помош чие доделување не е дозволено по истекот на 10 години од денот на доделувањето на незаконската државна помош, независно дали истата е доделена како индивидуална помош или во рамките на шема на помош.
(2) Течењето на рокот од став (1) од овој член се прекинува со секое процесно дејствие преземено од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијатаза оценка на дозволеноста, односно недозволеноста на помошта од член 18 од овој закон. По секој прекин, рокот од став (1) од овој член почнува одново да тече.
(3) Течењето на рокот од став (1) од овој член се прекинува за цело време додека трае постапка пред надлежен суд по тужба за поведување управен спор.
(4) Комисијата за заштита на конкуренцијата во секој случај не може да бара враќање на незаконската државна помош чие доделување не е дозволено по истекот на 20 години од денот на доделувањето на оваа помош, независно дали истата е доделена како индивидуална помош или во рамките на шема на помош.

Глава Четврта
Постапка за оценка на злоупотребена државна помош
Член 23

При оценка на злоупотребена државна помош соодветно се применуваат одредбите од член 18, член 19 став (1), член 20, член 21 и член 22 од овој закон.

Глава Петта
Надзор на постојната државна помош

Годишен извештај
Член 24

(1) Секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави годишен извештај за доделената дозволена државна помош во претходната година.
(2) Годишниот извештај од став (1) од овој член особено содржи податоци за: обликот на доделената државна помош, условите под кои е доделена државната помош во секој поединечен случај, актот врз основа на кој е доделена државната помош, износот на доделената државна помош по корисник и периодот на кој се однесува извештајот од став (1) од овој член.
(3) Секој давател и корисник на државна помош е должен да води прецизна евиденција за доделената, односно примена државна помош, како и за доделената односно примена помош од мало значење (de minimis).
(4) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата ја пропишува постапката за вршење надзор на постојната државна помош.

Мерки за измена на постојната државна помош
Член 25

(1) Ако при надзорот на постојната државна помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека доделената државна помош повеќе не е дозволена во смисла на одредбите од овој закон, на давателот на државната помош ќе му предложи преземање на соодветни мерки заради усогласување на државната помош со одредбите од овој закон.

(2) Мерките од став (1) од овој закон особено се однесуваат на:

-суштински измени на шемата за помош;

-измени во постапката за доделување на помош врз основа на шемата за помош;

-укинување на шемата за помош.

(3) Ако давателот на државната помош ги прифати предложените мерки од став (1) од овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение ќе утврди дека давателот на државната помош ги прифатил предложените мерки и ќе го определи рокот за нивно спроведување.

(4) Ако давателот на државната помош не ги прифати предложените мерки од став (1) од овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок ќе поведе постапка, согласно член 15 став (4) од овој закон.

(5) Во постапката од став (4) од овој член, соодветно се применуваат одредбите од член 15 став (5) и член 17 од овој закон.

(6) Решението донесено во постапка од став (5) од овој член не смее да има ретроактивно дејство.

ДЕЛ ПЕТТИ

Судска заштита
Член 26

(1) Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата донесени во постапка за оценка и надзор на државната помош се конечни.

(2) Против решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата од став (1) од овој член може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

(3) Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението и истата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

ДЕЛ ШЕСТИ

Користење на податоци
Член 27

Податоците прибавени во текот на постапка за оценка и надзор на државната помош пред Комисијата за заштита на конкуренцијата може да бидат употребени само за постапки кои се водат согласно со одредбите од овој закон.

Увид во списите

Член 28

Во постапките за оценка и надзор на државната помош во смисла на овој закон, соодветно се применуваат одредбите за увид во списите од Законот за заштита на конкуренцијата.

Објавувања на одлуки и податоци

Член 29

(1) Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 15 од овој закон се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и пресудите, односно решенијата на судот се објавуваат на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(3) Објавениот текст на решението мора да го содржи називот на давателот на државната помош и основната содржина на решението.

(4) На веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата се објавува и информација за секое известување во смисла на член 13 од овој закон, како и информација за поведување на постапка во смисла на член 15 став (4) од овој закон, при што се повикуваат сите заинтересирани лица во определен рок да поднесат свои коментари, мислења и забелешки во врска со државната помош во прашање.

(5) Податоците кои се деловна или службена тајна, во смисла на членот 30 од овој закон, не се објавуваат.

Деловна или службена тајна

Член 30

Во постапките за оценка и надзор на државната помош во смисла на овој закон, соодветно се применуваат одредбите за деловна или службена тајна од Законот за заштита на конкуренцијата.

ДЕЛ СЕДМИ

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Постапки во тек

Член 31

Започнатите постапки до денот на влегување во сила на овој закон, ќе продолжат согласно Законот за државна помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03, 70/06 и 55/07).

Подзаконски акти
Член 32

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.
(2) До денот на влегување во сила на актите од став (1) од овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Престанување на важност на закон
Член 33

Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Законот за државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03, 70/06 и 55/07).

Влегување во сила
Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНА ПОМОШ

I . ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Предлог - Законот за државната помош содржи седум дела.

Во општите одредби утврдени се предметот, целта, обемот на примена на Законот, дефиниции на поимите што се употребуваат во Законот со што Законот го прави полесно применлив во практиката и надлежниот орган за примена на Законот. Се дефинира основната цел на Законот – воспоставување на правна основа и правила за известување, одобрување, доделување и надзор на државната помош, со цел имплементација на принципите на пазарната економија, обезбедување на слободна конкуренција и исполнување на обврските преземени од страна на Република Македонија преку ратификувани меѓународни договори кои содржат одредби за државната помош.

Во делот втори се дефинира поимот на државната помош, доделувањето на истата во различни облици, субјектите кои се појавуваат во улога на давател и корисник на државната помош. Исто така во овој дел е воведено општата забрана - доделувањето на државна помош е забрането доколку со овој закон не е определено дека истото е дозволено – и исклучоците од општата забрана за доделување на државната помош, согласно начелата утврдени со член 107 став (2) и (3) од Договорот за функционирање на ЕУ. Имено, помошта од социјален карактер како и помошта која се доделува за надоместување на штетата предизвикана од природни катастрофи, секогаш е дозволено со овој Закон. Со овој Закон исто така, може да се дозволи доделување на државната помош ако се работи за: регионална помош за унапредување на економскиот развој на подрачја во Република Македонија во кои животниот стандард е исклучително низок или каде што постои голема невработеност ; помош наменета за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство или за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија ; помош за спас и реструктуирање на претпријатија во потешкотии; помош наменета за унапредување на културата и заштитата на културното наследство, кога таа не влијае значително на трговските услови и конкуренцијата на пазарот; како и хоризонталната помош. Во сите горенаведени случаи на можноста за доделување на државната помош, Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата, ги пропишува условите и постапката за доделување на државната помош. Во член 9 од овој дел е содржана помошта од мало значење (de minimis) и е наведено дека таквата помош не е државна помош и дека за истата Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата, ги пропишува условите и постапката за доделување на таквата помош.

Во дел трети се содржани одредбите дека Комисијата за заштита на конкуренцијата е државниот орган надлежен за оценка и надзор на секој облик на државна помош и дека во однос на статусот, составот, организацијата, надлежностите и одлучувањето, соодветно се применуваат одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата за истиот орган.

*Делот четврти* ги регулира постапката за оценка и надзор на државната помош, систематизирани во пет посебни глави.

Во глава прва е наведено дека во постапките за оценка и надзор на државната помош соодветно се применуваат одредбите за водење на управна постапка од Законот за заштита на конкуренцијата како и од Законот за општа управна постапка. Во членот 12 се наведува кои се странки во постапката за оценка и надзор на државната помош – давателот на државната помош и заинтересираното лице на кое Комисијата со заклучок ќе му даде својство на странка во постапката. Против овој заклучок не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување управен спор пред надлежен суд.

Во глава втора се содржани одредбите во врска со постапката за оценка на државната помош за која е поднесено известување, при што е наведена обврската на секој давател на државната помош да достави известување до Комисијата за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош и дека планираната државна помош не смее да биде доделена пред истата да биде одобрена со решение од страна на Комисијата. Ваквата обврска на секој давател на државната помош е во согласност со членот 108 став (3) од Договорот за функционирање на ЕУ. Во членот 13 од Законот се уредува содржината на известувањето т.е. дека таа треба да содржи точни и целосни податоци во врска со целта, износот, времетраењето, обликот, правната основа, кој е давателот и корисникот на помошта..., и дека при неточни и нецелосни податоци Комисијата ќе побара од давателот на државната помош истото да го исправи и дополни во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнување. Членот 15 содржи одредби за испитување на исвестувањето од страна на Комисијата, донесување на решение ако таа утврди дека мерките содржани во известувањето не претставуваат државна помош; исто така донесување на решение ако таа утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат државна помош и дека доделувањето на истата е дозволено. Можност на постапување на Комисијата со донесување заклучок (против кој не е дозволена жалба ниту тужба за поведување на управен спор) ако таа утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат државна помош, но постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на истата. Во ваквиот случај Комисијата има можност на донесување на решение со кое ќе утврди дека мерката содржана во известувањето не претставува државна помош ; дека истата претставуваа државна помош и (без)условно ќе го дозволи доделувањето на државната помош ; или ќе утврди дека мерката содржана во известувањето претставува државна помош но нема да го дозволи доделувањето на истата. Во членот 16 се утврдуваат роковите за одлучување на Комисијата при приемот на уредното известување и истите се различни во зависност од гореспоменатите случаи во член 15. Така на пример, Комисијата е должна во рок од 60 дена од денот на приемот на уредното известување да донесе решение ако се работи за првите две случаи наведени во членот 15 од овој Закон. Обврската на Комисијата во рок од 18 месеци од денот на започнувањето на постапката да донесе решение ако со заклучок ќе поведе постапка и ќе утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат државна помош, но постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на истата. Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата не донесе решение во роковите наведени во член 16 од овој Закон, тогаш давателот може да ја додели државната помош, но претходно за таквата намера да ја извести Комисијата. Членот 17 содржи одредби за поништување на решение од страна на Комисијата ако таквото решение е донесено врз основа на неточни или нецелосни податоци кои имале одлучувачко влијание при донесувањето на истата.

Во глава трета се пропишани одредби со кои се регулира постапката за оценка на незаконската државна помош т.е. испитување на постоење на незаконска државна помош, привремени мерки, дозволеност односно недозволеност на незаконската државна помош, враќање на незаконска државна помош чие доделување не е дозволено како и рок на застареност за враќање на незаконската државна помош чие доделување не е дозволено.

Во глава четврта односно член 23 од Законот е регулирана постапката за оценка на злоупотребана државна помош.

Во глава петта се пропишани одредби за надзор на постојната државна помош т.е. годишен извештај и мерки за измена на постојната државна помош.

*Во дел петти* се содржани одредбите за можност на судска заштита против конечните решенија на Комисијата за заштита на конкуренцијата со поднесување на тужба за поведување управен спор пред надлежен суд. Таквата тужба се подeнсува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението и истата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

Делот шести од предлог Законот содржи одредби за користење на податоци при што е наведено дека податоците прибавени во текот на постапка за оценка и надзор на државната помош пред Комисијата може да бидат употребени само за постапки кои се водат согласно со одредбите од овој закон. Исто така во овој дел е предвидено можноста за увид во списите со соодветно применување на одредбите за увид во списите од Законот за заштита на конкуренцијата. Во врска со деловна или службена тајна исто така се применуваат одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата за деловна или службена тајна. Делот шести ги содржи правилата за објавување на решенијата и податоците во "Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Делот седми ги содржи преодните и завршните одредби со кои се регулира завршувањето на постапките кои се во тек, роковите за донесување на подзаконските акти, правилата за престанување на важноста на досегашниот закон, како и за влегување во сила на новиот закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предлог Законот има за цел да обезбеди слобода на пазарот и претприемништвото (како темелна вредност на Уставот на РМ), законитост и ефикасност во постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и ефикасен надзор над функционирањето на пазарите со цел спречување на нарушување на конкуренцијата и создавање услови за непречено функционирање на ефективна пазарна конкуренција.

Предлог-Законот предвидува понатамошно хармонизирање на македонското законодавство во оваа област со законодавството на ЕУ, како и унапредување на законитоста и ефикасноста во постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата преку усогласување на одредбите од Предлог-Законот со Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр. 38/05 и 110/08) и со Законот за заштита на конкуренцијата.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предлог Законот ќе овозможи поедноставна управна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата во предметите кои се однесуваат на државна помош, која постапка истовремено ќе биде појасна и транспарентна за сите заинтересирани страни.

**ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА**

**1. Правен пропис**

1.1. Назив на прописот
*Предлог на Закон за државната помош – Draft Law on State Aid*

1.2. Предлагач
*Комисија за заштита на конкуренцијата*

1.3. ЕПП број
**2007.0400.2595**

1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ
*Поглавје 08-Политика на конкуренција*

**2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји Членки**

2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на прописот
[illegible] 68 [illegible] законодавството на Република [illegible]
[illegible]
[illegible] VI член 69 – *[illegible] законодавството на Република Македонија* [illegible]
[illegible] *кои ги нарушуваат конкуренцијата* [illegible]
[illegible] *на државна помош* [illegible]
[illegible] VI член 70 [illegible] *одредбите за заштита* [illegible]
[illegible] *на кои им се доделени посебни* [illegible]

2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација
☒ Да ☐ Не

2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата

**3. Усогласеност со изворите на правото на Европската Унија**

3.1 Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ кои имаат задолжителен карактер

ЕУ пропис -CELEX бр. 32001R0069 ☐ потполна угласеност ☒ делумна усогласеност ☐ неусогласеност

ЕУ пропис -CELEX бр. 31999R0659 ☐ потполна угласеност ☒ делумна усогласеност ☐ неусогласеност

3.2. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото кои имаат задолжителен карактер
Предлог Законот е делумо усогласен со Регулативите 32001R0069 и 31999R0659, бидејќи со

1

| |
|---|
| истиот се создава само законски правен основ за понатамошно усогласување на материјалните одредби од овие регулативи во посебни подзаконски акти и содржи одредби кои се однесуваат на Земјите Членки на Европската Унија. |
| 3.3. Усогласеност со секундарните извори на правото кои имаат незадолжителен карактер |
| 3.4. Усогласеност со други извори на правото на ЕУ<br>Потполна усогласеност со Членовите 107, 108 и 109 од Договорот за функционирање на Европската Унија |
| 3.5. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со другите извори на правото на ЕУ |
| 3.6. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија<br>Потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија ќе се постигне со приемот на Република Македонија во Европската Унија. |
| 3.7. Кореспондентна табела (прилог) ДА |

| **4. Превод на изворите на правото на ЕУ и правниот акт** |
|---|
| 4.1 Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик?<br><br>Доколку изворот на преводот не е СЕП, преводот задолжително треба да се достави до Секретаријатот за европски прашања.<br>☐ ДА Верзија МК ■ НЕ |
| 4.2 Достапност на преводот на прописот на ЕУ |
| 4.3 Дали предлогот на прописот е преведен на англиски јазик?<br><br>■ ДА ☐ НЕ |
| 4.4. Дали прописот е преведен на друг јазик на ЕУ<br>☐ ДА ■ НЕ |
| 4.5. Достапност на преводот на прописот<br>*Во прилог се доставува и превод на прописот на англиски јазик* |

| **5. Стручна помош и мислење<br>(ЕК, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава Членка, Совет на Европа, домашни стручњаци)** |
|---|
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот<br>"Проект за зајакнување на административниот капацитет на Комисијата за заштита на конкуренцијата за спроведување на законодавството за антитраст и државна помош",<br>Консултант: Алис Барбулеску, експерт по државната помош и вработена во Совет за конкуренција при Агенцијата за заштита на конкуренцијата на Република Романија. |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот<br>Прибавени мислења од Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања, Генерален Секретаријат, Министерство за правда, Министерство за финасии, Министерство за транспорт и врски |

2

| | |
|---|---|
| **Раководител на надлежниот сектор** | |
| Име презиме: | Нериман Целадини |
| Звање и работно место: | **Раководител на сектор** |
| Потпис: | |
| Датум: | |
| **Министер** | |
| Име и презиме: | Фатмир Бесими |
| Потпис: | |
| Датум: | |

3

3.5 КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА
Формулар МАК – ЕУ
Назив на националниот правен пропис: Предлог на Закон за државната помош
ЕПП број: 2007.0400.2588

| Назив на националниот пропис во кој се врши транспонирањето (бр. на Член) | Содржина на одредбата од националниот пропис во кој се врши транспонирањето | CELEX бр. на прописот на ЕУ кој се транспонира | Назив на прописот на ЕУ (бр. на Член) | Содржина на одредбата од прописот на ЕУ кој се транспонира | Забелешка | Оценка за степенот на усогласеност | Надлежен орган/ институција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предлог на Закон за државната помош (Член 4 став (1) алинеа 1), 2), 3), 5), 6), 14) | Одделните поими употребени во овој закон го имаат следното значење:<br>1) Шема на помош е секој правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | *ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 1 точка d, e, b, f, g, h)* | точка d: Шема на помош е секој акт врз основа на кој, без понатамошно спроведување на мерките кои се потребни, може да се додели помош на претпријатија кои не се однапред определени во шемата или секој акт врз основа на која помошта не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неодреден временски период и/или во неопределен износ.<br><br>точка е: Индивидуална помош е помош која не е доделена врз основа на шема на помош или помош која е доделена врз основа на шема на помош.<br><br>точка b: Постојна помош е: | Точката b во регулативата се однесува на земјите членки на ЕУ. Целосна усогласеност ќе настане по приемот на Република Македонија во ЕУ. | Делумна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ.<br><br>2) Индивидуална помош е државна помош која не е доделена врз основа на шема на помош или државна помош доделена врз основа на шема на помош, а со обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата.<br><br>3) Постојна помош е државна помош која исполнува еден од следните услови:<br><br>- била доделена пред 01.01.2004 | | | - целата помош која постоела пред влегување во сила на Договорот;<br>- помошта која е одобрена од страна на Комисијата или Советот врз основа на шема на помош или како индивидуална помош;<br>- помошта за која било доставено известување до Комисијата за планирано доделување на државна помош, но Комисијата не донела одлука во определениот временски рок;<br>- помошта за која истекол рокот за постапување на Комисијата;<br><br>точка f: Незаконска помош е секоја државна помош, освен постојната и помошта од мало значење (de minimis), доделена без одобрување од страна на Комисијата;<br><br>точка g: Злоупотребена помош е секоја помош која се употребува од страна на корисникот на државната помош спротивно на тоа како одлучила Комисијата.<br><br>точка h: Заинтересирана страна може да | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | година<br>- била одобрена од Комисијата за заштита на конкуренцијата пред влегување во сила на овој закон<br>- било доставено известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата за планирано доделување на државна помош, а Комисијата за заштита на конкуренцијата не донела решение во роковите предвидени со Член 16 од овој закон или<br>- ако истекол рокот на застареност за постапување на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно | | | биде секоја земја – Членка и кое било лице, претпријатие или здружение на претпријатија кои се конкуренти на корисниците на помошта, а чиј интерес би можел да биде засегнат со доделувањето на помошта. | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одредбите од овој закон ....<br><br>5) Незаконска помош е секоја државна помош, освен постојната и помошта од мало значење (de minimis), доделена без Комисијата да го дозволи нејзиното доделување во смисла на Член 15 од овој закон, како и помошта доделена по подeнсување на известување од Член 13 од овој закон, а пред Комисијата за заштита на конкуренцијата да го дозволи нејзинотот доделување согласно Член 15 од овој закон како и помошта доделена по поднесување на известување од член 13 од овој закон, а пред Комисијата за заштита на конкуренцијата да донесе решение од член 15 од овој закон.<br>6) Злоупотребена помош е секоја помош доделена спротивно на решение од член 15 од овој закон со кое се дозволува доделувањето | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на државна помош<br>….<br>14) Заинтересирани лица се корисниците на помошта и претпријатијата или здруженијата на претпријатија кои се конкуренти на корисниците на помошта, а чиј интерес може да биде засегнат со доделувањето на помошта. | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 4 став (1) алинеја 4) ) | Помош од мало значење (de minimis) е помошта која може да биде доделена во сите области, освен во областа на производство на јаглен, доколку износот на доделената помош по корисник не надминува вкупно 200.000 евра за период од 3 години, односно вкупно 100.000 евра во областа на патен собраќај за период од 3 години. | ЕУ<br><br>пропис -<br><br>CELEX<br><br>бр.<br><br>32006R19<br><br>98 | *ЕУ Регулатива 1998/2006*<br>*(Член 1 точка d, e, f, g, h)*<br><br><br>*(Член 2 став (2)* | Оваа регулатива се применува за помош доделена на претпријатијата во сите сектори, со исклучок на:<br>точка d: извозни активности;<br>точка е: фаворизирање на домашните производи наспроти увезените;<br>точка f: помош доделена во областа на јаглен;<br>точка g: за набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надомест:<br>точка h: претпријатија кои се во потешкотии.<br><br>Вкупниот износ на de minimis помошта доделена на некое претпријатие не смее да надмине 200.000 евра за период од 3 | Аспекти на помошта од мало значење се уредуваат со подзаконски акти | Делумна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | фискални години. Вкупниот износ на de minimis помошта доделена на некое претпријатие во областа на патен собраќај не смее да надмине 100.000 евра од било кој период од 3 фискални години. | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 4 став (1) алинеја 13) ) | Хоризонтална помош е помош која се доделува за истражување и развој, заштита на животната средина, вработување, обука, услуги од општ економски интерес и активностите на малите и средни претпријатија, доделена во било кој облик, вклучувајќи го и обликот на ризичен капитал, чија цел е решавање на проблемите во сите индустриски гранки, односно региони. | ЕУ пропис - CELEX бр. 32008R0800 | - ЕУ Регулатива 800/2008 | - Помош доделена за активностите на малите и средни претпријатија, обука, вработување, ризичен капитал, заштита на животната средина, истражување и развој | Условите кои се однесуваат на условите и постапка за доделување на хоризонтална помош ќе бидат регулирани со подзаконски акт. | Делумна усогласеност | КЗК |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 4 став (1) алинеја 15) ) | Надзор е секоја активност на надгледување и контрола на секоја доделена индивидуална помош и на постојните | ЕУ пропис - CELEX бр. | *ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 21)* | Земјите – Членки ќе достават до Комисијата годишни извештаи за сите постоечки шеми на помош.... | Надзорот на државната помош во Република Македонија го врши Комисијата за заштита на конкуренциј | Делумна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | шеми на помош,<br>воспоставени со управен<br>акт или пропис, со цел да се<br>утврди дали се исполнуваат<br>условите содржани во<br>соодветниот акт, односно<br>пропис и условите<br>содржани во решението за<br>дозволеност на државната<br>помош | 31999R06<br>59 | | | ата , додека на ниво на ЕУ надзорот го врши Европската Комисија. | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 9 став (1), (2) и (3) ) | (1)Помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.<br>(2)Помошта од мало значење може да биде доделена само на корисник на државна помош кој не е во потешкотии. Помошта од мало значење не смее да биде поврзана со извозни активности, да биде условена со фаворизирање | ЕУ пропис - CELEX бр. 32006R19 98 | *ЕУ Регулатива 1998/2006 (Член 1 точка d, e, f, g, h)* | Оваа регулатива се применува за помош доделена на претпријатијата во сите сектори, со исклучок на:<br>точка d: извозни активности;<br>точка е: фаворизирање на домашните производи наспроти увезените;<br>точка f: помош доделена во областа на јаглен;<br>точка g: за набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надомест: | Условите кои се однесуваат на условите и постапка за доделување на хоризонтал на помош ќе бидат регулирани | Делумна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на домашните производи наспроти увезените или да се користи за набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надомест.<br>(3) Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата ги пропишува условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) од став (1) од овој член. | | | точка h: претпријатија кои се во потешкотии. | со подзаконск и акт. | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 14 став (1), (2), (3) | (1) Известувањето од Член 13 од овој закон треба да ги содржи сите податоци потребни за оценка на помошта од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, а особено податоци за целта, износот, времетраењето, обликот, правната основа, давателот и корисникот на помошта. | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | *ЕУ Регулатива 659/1999* (Член 2 став (2), Член 5 став (1) | Во известувањето доставено до Комисијата, земјата – Членка треба да ги обезбеди сите потребни податоци, со цел да и се овозможи на Комисијата да донесе одлука.<br><br>Кога Комисијата смета дека обезбедените податоци се нецелосни тогаш ќе бара нивно дополнување. | | Потполна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (2) Известувањето од Член 13 од овој закон се смета за уредно ако ги содржи сите податоци од став (1) од овој Член.<br>(3) Ако известувањето содржи неточни или нецелосни податоци, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе побара од давателот на државната помош истото да го исправи или дополни во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнување. | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 15 став (1), (2), (3), (4), (5) | (1) Комисијата за заштита на конкуренцијата започнува со испитување на известувањето од Член 13 од овој закон од денот на приемот на уредното известување.<br>(2) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето не претставуваат државна помош во смисла на овој закон, ќе донесе решение за | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | - ЕУ *Регулатива 659/1999*<br>*(Член 4 став (1), (2), (3), (4)*<br><br>(Член 7 став (2), (3), (4), (5) | Комисијата започнува со испитување на известувањето, веднаш штом ќе биде истата добиена.<br><br>Ако Комисијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето не претставуваат државна помош, ќе донесе решение за тоа.<br><br>Ако Комисијата при испитувањето на известувањето утврди дека помошта од државата е компатибилна со заедничкиот пазар и доделувњето на истата е дозволено, ќе донесе решение за тоа. | | Потполна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тоа.<br>(3) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат државна помош во смисла на овој закон и доделувањето на истата е дозволено, ќе донесе решение за тоа.<br>(4)Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитувањето на известувањето утврди дека мерките содржани во известувањето претставуваат државна помош во смисла на овој закон, но постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на истата, со заклучок ќе поведе постапка за оценка на дозволеноста на доделувањето на државната помош. Против заклучокот за поведување на постапка не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор. | | | Ако Комисијата оцени дека помошта од државата не е компатибилна со заедничкиот пазар, или дека таквата помош се злоупотребува тогаш без одлагање ќе се иницира постапката.<br>По завршувањето на постапката, Комисијата ќе донесе решение со кое:<br>- ќе утврди дека мерката содржана во известувањето не претставува државна помош;<br>- ќе утврди дека мерката содржана во известувањето е компатибилна со заедничкиот пазар и безусловно или условно ќе дозволи доелување на државната помош;<br>- ќе утврди дека мерката содржана во известувањето не е компатибилна со заедничкиот пазар и ќе донесе негативно решение во врска со доделувањето на таквата помош. | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (5) По завршувањето на постапката за оценка на дозволеноста на доделувањето на државната помош од став (4) од овој Член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе донесе решение со кое ќе утврди дека мерката содржана во известувањето:<br>- не претставува државна помош или<br>- претставува државна помош и безусловно или условно ќе го дозволи доделувањето на државната помош или<br>- претставува државна помош и нема да го дозволи доделувањето на државната помош. | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 16 став (1), (2), (3), (4) | (5) Комисијата за заштита на конкуренцијата е должна во рок од 60 дена од денот на приемот на уредното известување да донесе решение од Член 15 став (2) и став (3) од овој | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 4 став (5), (6) )<br><br>(Член 7 став (6) ) | Рокот за одлучување на Комисијата во случаите кога:<br><br>- мерките содржани во известувањето не претставуваат државна помош; | | Потполна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | закон или со заклучок да поведе постапка согласно со Член 15 став (4) од овој закон.<br>(6) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок поведе постапка во смисла на Член 15 став (4) од овој закон, истата треба да биде завршена со решение најдоцна 18 месеци од денот на започнување на постапката.<br>(7) Ако Комисијата за заштита на конкуренцијата не донесе решение во роковите утврдени во овој Член, давателот може да ја додели државната помош, ако за намерата за доделување претходно ја извести Комисијата. Доделената помош е постојна помош.<br>(8) Во случај на незаконска или злоупотребена државна помош, роковите предвидени во став (1) и (2) од овој Член не ја обврзуваат Комисијата за заштита на конкуренцијата. | | (Член 13 став (2) )<br><br>(Член 15 став (3) ) | - помошта од државата е компатибилна со заедничкиот пазар и доделувњето на истата е дозволено;<br><br>е 2 месеци и истиот ќе почне од денот на приемот на уредното известување.<br>Поведената постапка од страна на Комисијата дека помошта не е компатибилна со заедничкиот пазар и дека истата не може да се додели поради сериозни сомневања, ќе биде завршена во рок од 18 месеци од денот на започнување на постапката.<br>Ако Комисијата не донесе решение во горенаведените рокови, помошта може да се додели и истата ќе се смета како постојна помош.<br>Во случај на незаконска помош, горенаведените рокови не ја обврзуваат Комисијата. | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 17) | Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение може да поништи решение со кое утврдила дека доделувањето на државната помош е дозволено ако истото е донесено врз основа на неточни и/или нецелосни податоци кои имале одлучувачко влијание при донесувањето на решението. | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 9) | Донесеното решение врз основа на неточни и/или нецелосни податоци, кои имале одлучувачко влијание при донесувањето на истата, Комисијата може да ја поништи со донесување на друго решение. | | Потполна усогласеност | КЗК |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 18 став (1), (2) и (3) ) | (4) Доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на незаконска државна помош, ќе ги испита таквите сознанија без одлагање.<br>(5) При испитувањето на сознанијата од став (1) од | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 10 став (1), (2) ...(Член 2 став (2) | Во случај Комисијата да доаѓа до информации од било кој извор во врска со евентуално постоење на незаконска помош, таквите информации таа ќе ги испита без одлагање.<br>Доколку е потребно, Комисијата треба да побара информации од засегнатата земја – Членка и истите треба да се обезбедат и достават со цел Комисијата да донесе решение. | | Потполна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | овој Член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ја оценува и дозволеноста, односно недозволеноста на доделувањето на помошта, во смисла на Член 15 од овој закон.<br>(6) Во вршењето на дејствијата од став (1) и (2) од овој Член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе побара од давателот и/или корисникот на евентуалната незаконска државна помош, во определен рок да ги достави сите податоци потребни за оценка на помошта од страна на Комисијата. | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 19 став (1), (2) и (3) ) | (3) Комисијата за заштита на конкуренцијата може во постапката за испитување на дозволеноста односно недозволеноста на доделувањето на помошта од Член 18 од овој закон да донесе решение со кое на давателот на државната помош ќе му наложи да го | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 11 став (1), (2) | Комисијата може да донесе решение и да бара од земјата – членка да го суспендира доделувањето на евентуалната незаконска државна помош додека таа донесе конечно решение за компатибилноста на помошта со заедничкиот пазар.<br><br>Комисијата може да донесе решение и да бара од земјата – членка привремено | | Потполна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | суспендира доделувањето на евентуалната незаконска државна помош до донесувањето на решение во смисла на Член 15 од овој Закон.<br>(4) Комисијата за заштита на конкуренцијата може, во постапката за испитување на дозволеноста односно недозволеноста на доделувањето на помошта од Член 18 од овој закон да донесе решение со кое на давателот на државната помош ќе му наложи привремено враќање на доделената државна помош до донесувањето на решение во смисла на Член 15 од овој закон ако се исполнети следните кумулативни услови:<br>- се работи за мерка што претставува државна помош;<br>- потребно е итно да се делува и<br>- постои сериозен ризик од предизвикување на значителна и непоправлива штета на определен | | | враќање на доделената државна помош додека таа донесе конечно решение за компатибилноста на помошта со заедничкиот пазар ако се исполнети следните критериуми:<br>- според вообичаена пракса не постои сомневање дека мерката претставува државна помош;<br>- потребно е итно да се делува и<br>- постои сериозен ризик од предизвикување на значителна и непоправлива штета на определен конкурент<br><br>Во случај на привремено враќање на доделената помош, Комисијата е должна да донесе решение во определениот рок. | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | конкурент.<br>(3)Во случај на привремено враќање на доделената помош од став (2) од овој Член, Комисијата за заштита на конкуренцијата е должна да донесе решение во смисла на Член 15 од овој Закон во роковите од Член 16 од овој закон. | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 21 став (1) и (2) ) | (3) Доколку при испитувањето на дозволеноста, односно недозволеноста на доделувањето на помошта од Член 18 од овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение не го дозволи доделувањето на незаконската државна помош, во решението ќе му наложи на давателот на државната помош да ги преземе сите неопходни мерки за враќање на веќе доделената државна помош од корисникот на истата. | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 14 став (1), (2) | Кога негативно решение во случај на незаконска помош е донесено од страна на Комисијата, со неа ќе му се наложи на засегнатата земја – членка да ги преземе сите потребни мерки кои се неопходни за враќање на веќе доделената државна помош.<br><br>Помошта која треба да се враќа врз основа на решението за наплата донесено од страна на Комисијата, го опфаќа и износот на законската затезна камата, сметано од денот на ставање на располагање на помошта на корисникот до денот на враќање. | | Потполна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (2) Износот на незаконската државна помош кој се враќа во согласност со став (1) од овој Член го содржи и износот на законската затезна камата, сметано од денот на ставање на располагање на помошта на корисникот до денот на враќање. | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 22 став (1), (2), (3) ) | (5) Комисијата за заштита на конкуренцијата не може да бара враќање на незаконската државна помош чие доделување не е дозволено по истекот на 10 години од денот на доделувањето на незаконската државна помош, независно дали истата е доделена како индивидуална помош или во рамките на шема на помош.<br>(6) Течењето на рокот од став (1) од овој член се прекинува со секое процесно дејствие преземено од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата за оценка на дозволеноста, односно недозволеноста на помошта од член 18 од овој | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 15 став (1), (2), | Комисијата има можност за враќање на незаконската државна помош во временскиот рок од 10 години.<br>Ваквиот огранички период за враќање на незаконската државна помош ќе почне од денот на доделувањето на незаконската државна помош, независно дали истата е доделена како индивидуална помош или според шема на помош. Секое процесно дејствие преземено од страна на Комисијата или од земја – членка во однос на незаконската помош подразбира прекинување на течење на рокот. По секој прекин, рокот почнува одново да тече. Течењето на рокот се прекинува за цело време додека решението на Комисијата е предмет на постапка пред Судот на правдата на ЕЗ. | Одрдбата од Регулатива та 659/1999 упатува на Европскиот суд на правдата. Целосна усогласеност ќе настапи по пристапувањето на Република Македонија кон ЕУ | Делумна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | закон. По секој прекин, рокот од став (1) од овој член почнува одново да тече.<br>(7) Течењето на рокот од став (1) од овој член се прекинува за цело време додека трае постапка пред надлежен суд по тужба за поведување управен спор. | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 24 став (1), (2), (3)) | (5) Секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави годишен извештај за доделената дозволена државна помош во претходната година.<br>(6) Годишниот извештај од став (1) од овој член особено содржи податоци за: обликот на доделената државна помош, условите под кои е доделена државната помош во секој поединечен случај, актот врз основа на кој е доделена државната помош, износот | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 21 став (1) ) | Земјите – членки ќе достават до Комисијата годишни извештаи за сите постоечки шеми за помош | Одредбата се однесува на Земјите Членки на Европската Унија. | Делумна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на доделената државна помош по корисник и периодот на кој се однесува извештајот од став (1) од овој член.<br>(7) Секој давател и корисник на државна помош е должен да води прецизна евиденција за доделената, односно примена државна помош, како и за доделената односно примена помош од мало значење (de minimis). | | | | | | |
| Предлог на Закон за државната помош (Член 25 став (1), (2), (3), (4) ) | (3) Ако при надзорот на постојната државна помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека доделената државна помош повеќе не е дозволена во смисла на одредбите од овој закон, на давателот на државната помош ќе му предложи преземање на соодветни мерки заради усогласување на државната помош со одредбите од овој закон. | ЕУ пропис - CELEX бр. 31999R0659 | - ЕУ Регулатива 659/1999 (Член 17) (Член 18 точка а), b), c) (Член 19 став (1) и (2) | Комисијата може да бара од земја – членка да ги добие сите потребни податоци за постојните шеми за помош за да утврди дали тие се компатибилни со заедничкиот пазар.<br><br>Ако Комисијата врз основа на податоци од земја – членка утврди дека постојната шема за помош не е веќе компатибилна со заедничкиот пазар, на засегнатата земја – членка ќе му предложи преземање на соодветни мерки, особено:<br>a) суштински измени на шемата за помош;<br>b) воведување на | Надзорот на државната помош во Република Македонија го врши Комисијата за заштита на конкуренцијата , додека на ниво на ЕУ надзорот го врши | Делумна усогласеност | КЗК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
